# Дневна хемеротека за *23.11.2015г.*

## МИА - [*Доделени наградите за најдобри текстови и фотографии за климатските промени*]

ПОНЕДЕЛНИК, 23 НОЕМВРИ 2015, 10:36:46

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕРВ

Насловна | Екологија

### Доделени наградите за најдобри текстови и фотографии за климатските промени

Препорачај 0

петок, 20 ноември 2015 13:53



**Скопје, 20 ноември 2015 (МИА)** - Министерството за животна средина и просторно планирање во организација на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Францускатa Амбасада во Скопје денеска ги додели наградите за најдобри фотографии и новинарски стории на тема „климатските промени“, под мотото „Делувај сега“ односно „Борба против климатските промени“.

Министерот за животна средина и просторно планирање Нурхан Изаири, на доделувањето на 20-те наградени фотографии и две за новинарски текстови, порача дека јавноста ги препознава проблемите со климатските промени.

- Поддршката од јавноста и развиената свест дека само со заеднички делувања може да се постигнат резултати посебно во областа како што е заштитата на животната средина и борбата против негативните проблеми од климатските промени е многу важен момент за министерството, истакна Изаири.

Според него, заедничкото делување на институциите во соработка со граѓаните е вистинската формула за постигнување на главната цел за здрава животна средина. Порача дека за успешна фотографија не е потребен само добар фотоапарат туку и дека потребно е да се има и чиста животна средина.

Амбасадорката на Франција во Македонија Лоренс Оер ги прогласи добитниците за најдобри новинарски текстови во пишаните и аудио визуелни медиуми Слаѓана Стојкова од МИА и Сузана Трајковска од МТВ.

Постојаниот координатор на ОН во Македонија Луиза Винтон порача, фотографите и новинарите да го зголемат притисокот кон јавноста преку текстови и фотографии, за како што рече, да се зголеми свеста на граѓаните за последиците од климатските промени.

На првиот фото конкурс за климатските промени најдобрите фотографии за прво и второ место во повеќе категории добија награда фото-камери, како и велосипед за прво наградените. Победниците беа селектирани врз база на лајкови на Фејсбук (50 проценти) и врз база на гласови на интернационално жири (50 отсто).

Фото-конкурсот беше повик до сите граѓани, активисти, вљубеници во природата и подржувачи на борбата за чиста животна средина, да ги искористат своите фотографски вештини за да ги фотографираат ефектите на климатските промени во било која од понудените десет категории: Климатските промени и водата, Климатските промени и здравството, Климатските промени и туризмот, Климатските промени и транспортот, Климатските промени и културното наследство, Климатските промени и шумите, Климатските промени и земјоделството, Климатските промени и природните катастрофи, Климатските промени и биодиверзитетот и Климатските промени и обновливите извори на енергија.
**бк/дма/13:52**

## **Вест** - [*Графички дезајнер на „Вест“ со две награди на конкурсот за аматерска фотографија за климатски промени*]()

### ГРАФИЧКИ ДЕЗАЈНЕР НА „ВЕСТ“ СО ДВЕ НАГРАДИ НА КОНКУРСОТ ЗА АМАТЕРСКА ФОТОГРАФИЈА ЗА КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ

Љубиша Петровски, графички дизајнер во весникот „Вест“, е добитник на две награди на конкурсот за најдобри фотографии, организиран од Министерството за животна средина, Француската Амбасада во Скопје и УНДП.



На конкурсот, на кој се испраќаа аматерски фотографии на тема климатските промени, Петровски е добитник на прва и втора награда.

Првонаградената фотографија е направена во близина на скопското село Дељадровци, а второнаградена фотографија е направена на ски-терените во Маврово.

На фото-конкурсот беа доделени прва и втора награда во десет категории. Првонаградените добија велосипед, а второнаградените камери.



Првонаградената фотографија

## Утрински - Климатските промени видени низ објектив

# КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ ВИДЕНИ НИЗ ОБЈЕКТИВ



**На 20 ноември свечено беа доделени наградите на дваесетината најдобри учесници од првиот фотоконкурс за климатски промени во Македонија, како и на двајца новинари за најдобра сторија на тема: „Борба против климатските промени“**

Фотоконкурсот за климатски промени во државата, „Делувај сега“, го имаше своето финале со свечено доделување награди од страна на министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, амбасадорката на Република Франција во Македонија, Лоренс Оер и постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Луиза Винтон. Тие во петокот на 20 ноември свечено ги доделија наградите на дваесетината најдобри учесници од првиот фотоконкурс за климатски промени во Македонија, како и на двајца новинари за најдобра сторија, на тема: „Борба против климатските промени“. Како награди беа доделени велосипеди и фотокамери за двете најдобри фотографии во секоја од десетте категории. Победниците беа селектирани врз база на лајкови на „Фејсбук“ и на гласови на интернационално жири, во однос 50:50.

Фотоконкурсот „Делувај сега“ беше повик до сите граѓани, активисти, вљубеници во природата и поддржувачи на борбата за чиста животна средина, да ги искористат своите фотографски вештини за да ги

фотографираат ефектите на климатските промени во која било од понудените десет категории: климатските промени и водата, климатските промени и здравството, климатските промени и туризмот, климатските промени и транспортот, климатските промени и културното наследство, климатските промени и шумите, климатските промени и земјоделството, климатските промени и природните катастрофи, климатските промени и биодиверзитетот, како и климатските промени и обновливите извори на енергија.



Овој фотоконкурс беше организиран од страна на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), Амбасадата на Р. Франција во Македонија и Министерството за животна средина и просторно планирање, со цел да се подигне свеста за ефектите кои ги имаат климатските промени.

Во конкурсот за медиумите на тема „Борба против климатските промени“ се конкурираше во две категории: електронски и печатени медиуми. Интернационално жири одбра по една најдобра новинарска сторија, публикувана во периодот од 1 јануари до 31 октомври 2015 г. во двете категории. Победнички на конкурсот за новинарска сторија се Сузана Трајчевска од МРТ и Слаѓана Стојкова од МИА, на кои француската амбасада ќе им овозможи кус студиски престој во Франција. (Ј.П.)

## Сител - *[Доделени наградите за најдобри текстови и фотографии за климатските промени]*

Министерството за животна средина и просторно планирање во организација на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) и Француската Амбасада во Скопје денеска ги додели наградите за најдобри фотографии и новинарски стории на тема „климатските ...

## RadioMk - *[Доделени наградите за најдобрите фотографии од фото-конкурсот „Делувај сега“]*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири , амбасадорката на Република Франција, Лоренс Оер и постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Луиза Винтон , вчера свечено ги доделија наградите ...

## еМагазин - *[Награди за најдобрите фотографии од конкурсот #ДелувајСега]*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, амбасадорката на Република Франција, Лоренс Оер и постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Луиза Винтон, свечено ги доделија наградите на 20-те ...

## Пулс24 - *[Доделени наградите за најдобрите фотографии од фото-конкурсот #ДелувајСега и најдобрите стории од натпреварот за ...]*

Денеска Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, амбасадорката на Република Франција, Лоренс Оер и постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Луиза Винтон, свечено ги доделија наградите ...

## Бизнис Вести - *[Доделени наградите за најдобрите фотографии од фото-конкурсот #ДелувајСега]*

Денеска Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, амбасадорката на Република Франција, Лоренс Оер и постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Луиза Винтон, свечено ги доделија наградите ...

## +инфо - *Доделени наградите на конкурсот #ДелувајСега (ГАЛЕРИЈА)*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, амбасадорката на Република Франција, Лоренс Оер и постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Луиза Винтон, ДЕНЕСКА свечено ги доделија наградите ...

## Денар - *Доделени наградите на првиот фото конкурс за климатски промени*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, амбасадорката на Република Франција, Лоренс Оер и постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Луиза Винтон, свечено ги доделија наградите на 20-те ...

## Република - *Велосипеди и фотоапарати за најдобрите фотографии од #ДелувајСега*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, амбасадорката на Република Франција, Лоренс Оер и постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Луиза Винтон, денеска свечено ги доделија наградите ...

## Макфакс - *Доделени наградите на првиот фото конкурс за климатски промени*

Министерот за животна средина и просторно планирање, Нурхан Изаири, амбасадорката на Република Франција, Лоренс Оер и постојаниот претставник на Програмата за развој на Обединетите нации ( УНДП), Луиза Винтон, свечено ги доделија наградите на 20-те

# MIA - *Janë ndarë shpërblimet për tekstet dhe fotografitë më të mira për ndryshimet klimatike*

E HËNË, 23 NËNTOR 2015, 11:25:08

MIA
AGJENCIA INFORMATIVE E MAQEDONISË

BALLINA | MAQEDONI | BOTË | EKONOMI | KULTURË | SPORT | INFO SERVISE | MULT

Ballina | Ekologji | Janë ndarë shpërblimet për tekstet dhe fotografitë më të mira për ndryshimet klimatike

## Janë ndarë shpërblimet për tekstet dhe fotografitë më të mira për ndryshimet klimatike

Препорачај 0

E premte, 20 Nëntor 2015 2015-11-20 3:06:45.MD 15:6



**Shkup, 20 nëntor 2015 (MIA)** - Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor në organizim të Programit për zhvillim të Kombeve të Bashkuara (UNDP) dhe Ambasada franceze në Shkup sot i ndau shpërblimet për fotografitë më të mira dhe storjet gazetareske me temën "ndryshimet klimatike" nën moton "Vepro tani" përkatësisht "Lufta kundër ndryshimeve klimatike".

Ministri i Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor Nurhan Izairi, në ndarjen e 20-të fotografive të shpërblyera dhe dy për tekstet gazetareske, porositi se opinioni i ka njohur problemet me ndryshimet klimatike.

"Përkrahja e opinionit dhe vetëdija e zhvilluar se vetëm me veprim të përbashkët mund të arrihen rezultatet veçanërisht në fushën siç është  mbrojtja e mjedisit jetësor dhe lufta kundër problemeve negative nga ndryshimet klimatike është moment shumë i rëndësishëm për Ministrinë", theksoi Izairi.

Sipas tij, veprimi i përbashkët i institucioneve në bashkëpunim me qytetarët është formulë e vërtetë për arritje të qëllimit kryesor për mjedis të shëndetshëm jetësor. Porositi se për fotografi të suksesshme nuk nevojitet vetëm fotoaparat i mirë por nevojitet edhe të ketë mjedis të pastërt jetësor.

Ambasadorja e Francës në Maqedoni Lorens Oer i shpalli fituesit për tekstet më të mira gazetareske  në mediat e shkruara dhe audio vizuele Sllagjana Stojkova nga MIA dhe Suzana Trajkovska nga RTVM.

Koordinuesja e përhershme e KB-së në Maqedoni Luiza Uinton porositi, fotografitë dhe gazetarët ta rrisin presionin ndaj opinionit përmes teksteve dhe fotografive, për ashtu siç tha, të rritet vetëdija e qytetarëve për pasojat e ndryhsimeve klimatike.

Në foto konkursin e parë për ndryshimet klimatike fotografitë më të mira për vendin e parë dhe të dytë  në shumë kategori  fituan shpërblim foto-kamerat, si dhe biçikletë për fituesit e parë. Fituesit ishin selektuar  në bazë të pëlqimeve në Facebook (50 për qind) dhe në bazë të votave  të jurisë internacionale (50 për qind).

Foto-konkursi ishte thirrje për të gjithë qytetarët, aktivistët, adhuruesit e natyrës dhe përkrahësit e luftës për mjedis të pastërt jetësor, t'i shfrytëzojnë këto shkathtësi fotografuese që t'i fotografojnë efektet  e ndryshimeve klimatike në cilën do nga dhjetë kategoritë e ofruara: Ndryshimet klimatike dhe uji, Ndryshimet klimatike dhe shëndetësia, Ndryshimet klimatike dhe turizmi, Ndryshimet klimatike dhe transporti, Ndryshimet klimatike dhe trashëgimia kulturore, Ndryshimet klimatike dhe pyjet, Ndryshimet klimatike dhe bujqësia, Ndryshimet klimatike dhe katastrofat natyrore, Ndryshimet klimatike dhe biodiverziteti dhe Ndryshimet klimatike dhe burimet e rinovueshme të energjisë. **sa/hr/14:57**

## Tetova Sot - *Ndotja, Izairi përgënjeshtron drejtorin e Jugohromit (VIDEO)*

TETOVA SOT
shpejt dhe ndryshe

FILLIMI | LAJME | KRONIKA E ZEZË | SPORT | TEKNOLOGJI | SHOWBIZ | ARGËTIM

# Ndotja, Izairi përgënjeshtron drejtorin e Jugohromit (VIDEO)




in Maqedoni 22/11/2015

Ministri i Ekologjisë, Nurhan Izairi, ka hedhur poshtë akuzat e drejtorit të Jugohromit se shkak për mos vënien e filtrave deri më tani janë pengesat institucionale që iu bëhen atyre nga Komuna. Izairi madje ka deklaruar se ai deri më tani ka pasur dy herë nga gjashtë muaj afat që të fillojë me procedurën e vënies së filtrave, por aspak nuk kanë lëvizur në këtë drejtim.

"Gjykoj se pengesa institucionale nuk është shkak se qeveria me vendimin e vitit të shkuar ia prolongoi afatin për harmonizimin e planit operativ pra siç e dini qeveria ia vazhdoi për dy vjet me kusht që gjashtë muajt e parë të ketë progres në implementimin e planit operativ por, gjashtë muajt e parë nuk lëvizi në këtë

aspekt dhe gjashtë muajt e dytë nuk ka ndonjë lëvizje të dukshme siç e shihni edhe vet dhe nuk shoh që dikush i bën obstruksione", tha Nurhan Izairi, Ministër i ekologjisë.

Sipas Izairit, Qeveria deri më tani është dashur që të merr masa në këtë drejtim dhe të merret më seriozisht me Jugohromin. Ai nuk ndjehet aspak fajtor sepse, deri më tani, Ministria e ekologjisë dy herë i ka dërguar Qeverisë rekomandimin për ta ndaluar punën e Jugohromit deri në vënien e filtrave.

"Ne kemi kërkuar edhe para një viti që qeveria të mos e vazhdojë afatin për arsye që i ceka më lartë. Ne edhe para gjashtë muajsh dhamë informatën në qeveri e cila tregon se ata nuk kanë lëvizur brenda gjashtë muajve të parë dhe sipas kësaj qeveria duhej të sjell vendimin tjetër për mbyllje por nuk e solli. Qeveria është organ kolektiv, ajo ka Kryeministër që cakton rendin e ditës dhe nuk e caktoj unë, unë bëj punën time sipas ligjit dhe informoj popullatën ndërsa qeveria duhet dhe shpresoj se shpejtë do debatoj në këtë çështje dhe do sjell vendim në të mirë të popullatës", u shpreh Nurhan Izairi, Ministër i ekologjisë.

Në mbledhjen e radhës të Qeverisë ku pritet të diskutohet kjo çështje, sipas Izarit nuk pritet të merret vendim për dhënie të afatit shtesë për Jugokromin, por masa ndalimin e punës deri në vënien e filtrave.

Bashkim Sulejmani




## Portalb - *Ndotja, Izairi përgënjeshtron drejtorin e Jugohromit*

Lajme lidhur me temën Shpërblehen fotografitë më të mira për ndryshimet klimatike Lëvizja Besa – Bogovinë: Ministri Izairi nuk e pastron as fshatin e vet Izairi: Komunat kanë marrë udhëzimet si të ..

## МИА - *Екологистите бараат законски мерки за намалена загаденост*

ПОНЕДЕЛНИК, 23 НОЕМВРИ 2015, 10:34:42

МИА
МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА

НАСЛОВНА | МАКЕДОНИЈА | СВЕТ | ЕКОНОМИЈА | КУЛТУРА | СПОРТ | ИНФО СЕР

Насловна | Екологија

### Екологистите бараат законски мерки за намалување на загаденоста

Препорачај 0

петок, 20 ноември 2015 13:27



**Скопје, 20 ноември 2015 (МИА)** – Системска и координирана активност на надлежните институции, бараат еколошките организации во Македонија за намалување на загаденоста на воздухот во земјава.

Предлагаат итни мерки кои треба да се преземаат, за оваа, како што велат, алармантна состојба во земјава, а кои се однесуваат на сите надлежни и ги опфаќаат сите извори на загадување – сообраќајот, индустријата, градежништвото и домаќинствата.

- Темата е важна за сите бидејќи неколку години по ред во кои се јавува загадувањето на воздухот не се преземаат мерки кои ќе придонесат за намалување на загаденоста на воздухот, рече Ана Чоловиќ-Лешоска од „Еко свест".

Порача дека загадувањето не е проблем само на една институција и оти она што недостига во преземањето мерки е немањето меѓусебна соработка.

Александра Бујароска од „Фронт" рече дека бараат промена на Законот за квалитет на амбиенталниот воздух за да се овозможи спроведување на мерките.

- Препораката на надлежните да не се излегува од дома и да не се проветруваат просториите кога има загадување не се мерки, смета Бујароска и додава дека на овој проблем треба сериозно да се пристапи.

Мерките, според неа, треба да бидат законски утврдени и институциите да реагираат координирано и ситемски.

Ја поздравија мерката на Гадот Скопје за прскање на улиците, но велат дека една мерка може да придонесе намалување на само еден процент. Треба да се преземат конкретни и сеопфатни мерки за да се намали загадувањето.

За да се намали загадувањето во градовите апелираат и до локалните самоуправи кога подготвуваат и носат детален урбанистички план да побараат мислење за влијание на животната средина, бидејќи, како што појаснуваат, една од причините за загадувањето е и просторната поставеност на објектите во градот.

Итните мерки кои ги упатуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање, МВР, Центарот за упавување со кризи и градоначалникот на Град Скопје, предивдуваат план за режим на сообраќајот ако загаденоста е подолга од 10 дена, јавниот сообраќај да биде бесплатен, како и забрана за сообраќајот во централното градско подрачје. Во делот на индустријата предлагаат привремена забрана за работа на индустријата и засилување на инспекцијата. Во секторот градежништво предлагаат да се применат мерките за заштита од емисии на прашина за сите објекти и забрана на градежни зафати на територија на градот. За домаќинствата предлагаат социјална помош за лицата кои не можат да обезбедат средства за загревање со цел да се избегне палење синтетика, пластика, гума и други токсични материјали за огрев.

Тие бараат и редовни средби на Советот за справување со загадување, кој, како што велат, не се состанува ниту еднаш годишно.

Мерните станици на Министерството за животна средина во текот на оваа година имаат измерено загадување 90 дена во Центар, 77 во Карпош, 119 во Лисиче, 137 во Гази Баба, 67 кај Ректорат, 105 во Битола, Велес 97, Кочани 98, Кичево 149, Кавадарци 127 и во Тетово 302 дена.

Според Министерството за животна средина и просторно планирање, при надминување на граничните вредности властите се должни да дефинираат мерки за намалување на концентрациите на загадувачките супстанции. **скс/паг/13:26**

## Телма - *Екологистите бараат законски мерки за намалена загаденост*

Системска и координирана активност на надлежните институции, бараат еколошките организации во Македонија за намалување на .

## Утрински - И парламентот да се заинтересира за загадувањето

Утрински весник

### И ПАРЛАМЕНТОТ ДА СЕ ЗАИНТЕРЕСИРА ЗА ЗАГАДУВАЊЕТО



**Бројот на загадени денови расте, а надлежните не реагираат, беше речено на вчерашната дебата „Каков воздух ќе дише Скопје оваа зима“**

Снежана Калабакова

Да се донесе законот за зеленило во кој треба да се вгради и обврска барем еден денар од постојните даноци да оди на одржување на квалитетот на воздухот. Да се донесе и закон за квалитет на почва и сериозно да се планира каде и што треба да се сади. Да се каже стоп на сите загадувачи, бидејќи и средните и малите загадувачи опасно го трујат воздухот. Потребен е сериозен мониторинг и на крајот, решавање на отпадот.

Ова го потенцираше Лилјана Поповска, претседателката на ДОМ на јавната дебата „Каков воздух ќе дише Скопје оваа зима?“ што вчера ја организираше граѓанската асоцијација „МОСТ“. На дебатата беа повикани и претставници од Градот, пратеници, од невладини организации и асоцијации кои се директно инволвирани во проблемот со загадениот воздух, како и претставници од Министерството за животна средина. Заклучоците требаше да се испратат до надлежните за сериозно да му се посветат на ова прашање кое директно ги засега граѓаните не само на Скопје, туку и на другите градови во кои има загрижувачки податоци за амбиенталниот воздух. Присутните се согласија

дека пратениците на оваа тема треба да посветат една седница, на која не само што сериозно ќе дискутираат, туку и ќе донесат мерки како да се справат со загадувањето.

„Бројот на загадените денови е алармантен, а реакција нема ниту од Министерството за животна средина, ниту од Центарот за управување со кризи. Ако се дадат сет мерки, овој проблем може да биде решен", рече Александра Бужаровска од НВО „Фронт 21". Новинарот Драган Антоновски, кој беше модератор на вчерашната дебата, акцентираше дека секој предлог што ќе излезе од дебатата ќе биде доставен до парламентот.

Љупчо Гроздановски, претставник од Министерството за животна средина, од делот за мониторинг на воздух информираше дека во Карпош и Тетово до февруари ќе се земаат примероци од воздухот, за кои ќе се прават анализи надвор во соодветна лабораторија, а резултатите ќе пристигнат во април. Сепак, анализите ќе покажат само со кои елементи е загаден воздухот, но не и кои се загадувачите. Инструментите со кои сега се врши мерењето трипати годишно се контролираат и податоците не се штимаат, а мерењето јасно покажува дека загадувањето е поголемо од 18 до 21 часот, период кога граѓаните најмногу греат во домовите.

Скопјанецот Михаил Трајков рече дека тој чувствува колку е загадено Скопје, бидејќи има карактеристичен вид астма. Според него, земјите во кои има најмногу метеж од автомобили и каде што загадувањето е најголемо практикуваат еко-денови.

Ана Чоловиќ, од НВО „Еко-свест", пак, праша дали кај нас се врши мерење на издувните гасови и се прави анализа. На ова се надоврза Влатко Костадиновски од „Ајде Македонија", кој додаде дека воздухот дополнително го загади увозот на нееколошки возила, но и палењето на депонијата „Вардариште".

„Градот има обврска овој простор да го култивира и да изготви студија за елиминирање на метанот на Вардариште, уредување на просторот, но се' уште не е донесен ДУП", објасни Цветанка Икономова-Мартиновска, претставник од Градот.

Пратеничката Лилјана Поповска рече дека би требало да се издвојат многу повеќе пари за заштита на животната средина. „Субвенции за енергетска

ефикасност, а не за фасади, пари за сончеви панели, топла вода, екологија, бидејќи тоа е заеднички интерес на сите нас", рече Поповска.

Претставникот на СДСМ, Стефан Богоев, очекува на наредната седница во парламентот да биде отворена и темата за загадувањето. „За загадувањето на воздухот, потребно е да се свика општа расправа. За Министерството за животна средина од буџетот се издвоени 10 милиони евра, а 27 милиони евра има за градби на Владата", рече Богоев.

Градоначалникот и пратениците од ВМРО-ДПМНЕ ги немаше на дебатата

На дебатата не се појави градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски. Никој не образложи дали бил поканет и зошто не дошол, но присутните рекоа дека ќе беа задоволни ако се појавеше барем 5 минути и да покажеше дека навистина се грижи за проблемот со загадениот воздух. Не дојде ниту пратеник од ВМРО-ДПМНЕ, иако биле поканети, а на најавниот лист на говорници пишуваше: се чека името на пратеникот. Оправдувањето за пратеничкото отсуство беше зафатеност со расправата за Буџетот. А присутните на дебатата за воздухот заклучија дека токму затоа треба да бидат присутни тука, за кога ќе стане збор за буџетот, владејачката партија да има волја многу повеќе да издвои пари за животната средина.

Екологистите испорачаа итни мерки

Во текот на годинава биле измерени дури 302 дена со прекумерно загадување во Тетово, во Гази Баба 137, а во Кавадарци 127 дена. Во Лисиче имало 119, а во Центар 90 дена, но и останатите мерни станици низ државата забележале многу загадени денови. Екологистите до сите надлежни фактори вчера испорачаа итни мерки кои треба да се преземат за да се намали загадувањето. Мерките се систематизирани според изворите на загадување, сообраќај, индустрија, градежништво и домаќинства, а предвидуваат план за режим на сообраќајот ако загаденоста е подолга од 10 дена, бесплатен јавен сообраќај и забрана за сообраќај во централното градско подрачје, потоа привремена забрана за работа на индустријата и засилување на инспекцијата, примена на мерките за заштита од емисии на прашина за сите објекти и забрана на градежни зафати на територија на градот, како и социјална помош за лицата кои не можат да обезбедат средства за загревање со цел да се избегне употреба на разни токсични материјали за огрев.

На вчерашната средба на поголем број еколошки здруженија беше речено дека за да успее борбата против загадувањето, неопходна е системска и координирана активност на институциите. Бидејќи, според Ана Чоловиќ-Лешоска од „Екосвест", загадувањето не е проблем само на една институција, а факт е дека во преземањето мерки недостига меѓусебна соработка. Од здружението „Фронт", пак, бараат промена на Законот за квалитет на воздухот за да се овозможи спроведување на мерките, зашто, како што потенцираше Александра Бујароска, препораката да не се излегува од дома и да не се проветруваат просториите не се мерки.

Екологистите ја поздравија мерката на Град Скопје за прскање на улиците, но сметаат дека една мерка може да придонесе за намалување од само еден процент. За да се намали загадувањето во градовите тие апелираат до локалните самоуправи кога носат урбанистички планови да побараат мислење за влијание на животната средина, бидејќи една од причините за загадувањето е и просторната поставеност на објектите. (Б.А.)

# Нова Македонија - Ако се обвинува, да се изнесат и факти

онлајн-издание
број 23620 | сабота 21.11.2015
НОВА МАКЕДОНИЈА
ПРВИОТ МАКЕДОНСКИ ДНЕВЕН ВЕСНИК

## Ако се обвинува, да се изнесат и факти

**Загадувањето на воздухот во Македонија е едно од најголемите во Европа, стои во анализата на МОСТ**



Препораката „не излегувајте надвор и не проветрувајте“ не е сериозна мерка

**СÈ УШТЕ САМО СЕ ШПЕКУЛИРА ЗА АЕРОЗАГАДУВАЊЕТО**

Загадувањето на воздухот во главниот град беше главна тема на двете средби што се одржаа во текот на вчерашниот ден, од кои едната организирана од невладиниот сектор, додека втората во соработка со пратениците, градските власти, невладиниот сектор и граѓаните. Како заклучок што несомнено произлезе од дискусиите беше дека дишеме загаден воздух, но нема потврда за тоа кој точно го загадува. Загадувачите се постојано истите: индустриските капацитети без заштита, градежништвото, сообраќајот, затоплувањето на домаќинствата и неконтролираното ширење и урбанизацијата.

Како најсвеж пример за најсовремена инвестиција за заштита на природата и човековото здравје е компанијата „Макстил“ која вложи скоро 20 милиони евра за инсталирање на најмодерни филтри со кои целосно се спречува емисијата на штетни гасови во воздухот, односно истата е сведена на нула.

**МОБИЛЕН ПАРЛАМЕНТ**

Средбата насловена како „Каков воздух ќе дише Скопје оваа зима?“, во организација на граѓанската организација МОСТ, на која учествуваа граѓаните, невладиниот сектор, пратениците и претставници од градот, придонесе за лоцирање на горливите проблеми што произлегуваат од загадувањето во главниот град.

Како негативни ефекти што произлегуваат од оваа состојба, која веќе неколку години по ред му се случува на градот, беа изнесени сообраќајот, затоплувањето на домовите, но и палењето гуми од страна на несовесни граѓани. Идејата е конечно да се реши овој проблем, преку директно учество и сугестии од страна на сите засегнати страни, со тоа што сите идеи и решенија на крајот ќе завршат на собраниските клупи кај сите 120 пратеници во Собранието на Република Македонија.

Во согласност со директивите на Европската Унија за квалитет на воздух, земјите-членки се обврзани да вршат мониторинг на квалитетот на воздухот во нивниот регион со општоприфатени методи и принципи на оценување. Барањето за континуирано мерење зависи од нивото на квалитет на воздухот и населението во одредена област. Иако Македонија не е членка, таа ги презема обврските во согласност со директивите на ЕУ.

- Според извештајот на Светска банка од март минатата година, загадувањето на воздухот во Македонија е едно од најголемите во Европа - стои во анализата за аерозагадувањето на градот од МОСТ.

Во документот како предизвикувачи несомнено се јавуваат географската поставеност на градот, на која не може да се влијае, индустриските капацитети, кои, според граѓаните, се најголемите загадувачи, домаќинствата, кои се затоплуваат со јаглен, нафта и цврсти горива и за кои не може да се измери штетното влијание врз амбиенталниот воздух.

Тука се споменуваат и драстично зголемената употреба на моторни возила и неконтролираната урбанизација, која влијае на струењето на воздухот и го намалува влијанието на локалните ветрови да не ги филтрираат штетните гасови.

Целта на овој проект, кој е финансиран од страна на ЕУ, а е во организација на МОСТ, е да се придонесе кон зголемена доверба во демократијата, преку подобрување на комуникацијата меѓу граѓаните, граѓанските групи, пратениците и локалната власт. Преку овозможување демократска дебата за прашања релевантни за пристапување на земјата во ЕУ да се влијае врз креирањето политики и донесувањето одлуки на национално и локално ниво. Проектот се организираше во неколку града низ Македонија.

**СТОП ЗА НАМАЛУВАЊЕТО НА ЗЕЛЕНИЛОТО**

Загадувањето беше главна тема и на вчерашната средба наречена „Екокафе", во организација на неколку невладини организации.

Според невладиниот сектор, најголемиот проблем со кој се соочува градот, но и целата држава, е немањето виновник за тоа кој загадува, но и немањето заедничка координација меѓу институциите.
- Мерката не излегувајте надвор и не проветрувајте не е сериозна мерка што надлежните ја преземаат. Тоа воопшто и не е мерка. Потребно е посериозно да се пристапи кон третирање на проблемот, затоа што од 365 дена, ние имаме 300 загадени дена над дозволените граници - истакна Александра Бујароска, адвокатка од невладината организација „Фронт 21/42".

Невладиниот сектор веќе презема мерки за активирање посериозни активности од надлежните. Повеќе од 20 невладини организации испратиле писма до општините каде што дејствуваат со предлози за решавање на проблемот наречен загадување на воздухот. Тие исто така оствариле средба и со градските власти, на кои им предложиле конкретни мерки за дејствување.

- Од сите мерки што ги предложивме, тие го прифатија само третирањето со калциум-магнезиумацетат, но не може да се намали загадувањето само со примена на оваа мерка. Таа ќе даде резултати само ако се комбинира заедно со други мерки. Градот треба да се гордее со тоа што ја примени оваа мерка, но тоа не треба да е единствена - истакна Ана Чоловиќ-Лешоска од невладината организација „Екосвест".

Според претставниците на невладиниот сектор, огромен проблем е и намалувањето на зеленилото, за кое при неговата сеча не се прават студии за негативното влијание.

- Кога општините го менуваат деталниот урбанистички план и бараат согласност од Министерството за животна средина за сеча на одредено зеленило и изградба на паркинг, од Министерството не добиваат обврска да направат анализа за негативното влијание, затоа што станува збор за локална сеча за која сметаат дека нема да има големо негативно влијание. Но тие тоа не го знаат, без да се направи стратегиска оценка - истакна Чоловиќ-Лешоска.

---

## Старата депонија Вардариште да се урбанизира



На мобилниот парламент како посебен загадувач беше посочена старата депонија Вардариште, каде што најчесто се палат гуми, а чадот завршува во населените места.
- Депонијата Вардариште е голем загадувач. Тука поради неконтролираното палење гуми и други предмети постојано се создаваат атмосферски влијанија што се погубни за здравјето на луѓето - истакна Влатко Костадиновски од невладината „Ајде Македонија".
Според претставничката од градот Цветанка Икономова-Мартиновска, на местото на старата депонија во три смени се врши надзор.
- Градот веќе направи студија за оправданост за уредување на просторот за спортски намени. Градот уште од лани има издвоено финансии за уредување на овој простор, меѓутоа проблемот е што сè уште нема ДУП за овој простор изработен од општината - истакна таа.

## Р.С. Европа - *Долга и скапа борба против загадувањето*

Радио Слободна Европа
слободнаевропа.мк

Почетна | Вести | Македонија | Глобал

# Долга и скапа борба против загадувањето

Справувањето со загадениот воздух е скап процес, но има и алтернативи за решавање на проблемот. Експертите, но и јавноста посочуваат мерки како гасификација на населените места, воведување на нови системи за прочистување на отпадните гасови на индустријата, модернизација на транспортните системи, контрола на урбанизацијата.

Печати | Оставете коментар | Размена:




Владимир Калински
21.11.2015

Стотици милиони евра, многу време и знаење се потребни за Македонија суштински да почне да го решава проблемот со најсмртносниот еколошки проблем – аерозагадувањето, кој според проценките од истражувањата годишно убива над илјада граѓани и за кој од буџетот плаќаме по 253 милиони евра.

Педесет милиони евра чини дислоцирањето на 30.000 тони канцерогениот пестицид **линдан** од депонијата на фабриката „Охис“ во Скопје, од каде 40 години се разлетува токсична прашина што ја

Tweet | Ми се допаѓа | Сподели 132 | G+1 0 | Pin it

**Текстови на слична тема**

- Рапери од Тетово со песна против загадувањето на воздухот
- Каков воздух дишеа битолчани летово?
- Битола полупразна, а воздухот

загаден

- Власта немоќна да се справи со загадувањето
- Загадениот воздух причина за порастот на малигни заболувања во Битола

"

Состојбата е во сите градови иста, не е многу поразлична. Овие градови се издвоени затоа што таму има мерни станици, и ние имаме резултати од таму, ама тоа што да launch речеме во Гостивар не се спомнува, не значи дека не е загадено. Немаме мерна станица и немаме резултати, кога би измериле иста би била ситуацијата.

*Трајче Стафилов, Институт за хемија на Природно – математичкиот факултет во Скопје.*



"

Треба и луѓето да знаат дека доколку сакаат краткорочно да заштедат со тоа што ќе

дишат жителите.

Оваа мерка е посочена како најскапа и најефикасна во физибилити студија финансирана од Европската унија. Професорот Трајче Стафилов од Институтот за хемија на Природно – математичкиот факултет во Скопје, вели дека во студијата се наведени и мерки кои чинат помалку, но точно се знае кои се алтарнативите да се реши проблемот.

„Чекорот треба да биде да се издвојат средства од некоја институција, да направи изведбен проект и да избере едно од решенијата за да се реши проблемот. На пример, едно од најбезбедните и најскапи решенија е да се спакува целиот материјал и да се транспортира во некоја од западните земји каде постојат фабрики за уништување на таков вид на отпад. Постојат такви фабрики, бидејќи тоа е многу уносен бизнис. Средствата се големи, крајното решение е околу 50 милиони евра, има и поевтини алтернативи ", вели Стафилов.

**Дишеме канцерогени материи со повисока радиоактивност**

Само во Скопје има три од 16 големи извори на радиоактивни и канцерогени отровни материи, на поранешни и сегашни индустрии и рудници, дефинирани како „еколошки жешки точки" од страна на експертите. За нивно решавање ќе треба да се издвојат милиони евра од државниот и општинските буџети. Освен депонијата на Охис, еколошки жешки точки се депониите на фабриките „Макстил" и „Окта".

Големи површини од земјата во повеќе градови и нивната околина се загадени од депониите со

> купат поевтини дрва од овие илегални сечи, дека не си прават добро себеси.
>
> *Диме Меловски, Македонско еколошко друштво*




Протест против загадувањето на воздухот во Тетово.

милиони тони опасен отпад, од каде се шират отровни материи низ воздухот; 30 до 40 милиони тони јаловина има во депонијата на рудникот „Саса“ во Пробиштип, која содржи олово, цинк, кадмиум – отровни канцерогени супстанци со зголемена редиоактивност; во депонијата со троска од работењето на топилницата во Велес се оставени еден и пол милиони тони токсичен материјал; милиони тони годишно опасен отпад депонираат двете термоелектрани на јаглен на РЕК Битола и на РЕК Осломеј, од каде во воздухот се разнесува пепел со зголемена радиоактивност. Депониите се само еден аспект на проблемот. Професор Стафилов предупредува дека надминување на дозволените граници на загадување постои скоро во сите градови во Македонија, а податоци имаме само од оние каде се поставени мерните станици.

> Во однос на малите и големите индустриски капацитети, истите ќе треба да извршат усогласување на својата технологија во согласност со директивата за индустриски емисии, која за разлика од нашиот Закон за животна средина предвидува уште построги правила и уште подобра технологија во индустријата со цел намалување или спречување на загадувачките емисии.
>
> *Александра Бујароска, еколошка организација „Фронт 21/42“.*

„Состојбата е во сите градови иста, не е многу поразлична. Овие градови се издвоени затоа што таму има мерни станици, и ние имаме резултати од таму, ама тоа што да речеме во Гостивар не се спомнува, не значи дека не е загадено. Немаме мерна станица и немаме резултати, кога би измериле иста би била ситуацијата“, вели Стафилов.

Експертите, но и јавноста посочуваат на итно спроведување на политики насочени кон обезбедување на финансиски средства за мерки како гасификација на населените места, воведување на нови системи за прочистување на отпадните гасови на индустријата, модернизација на транспортните системи, контрола на урбанизацијата.

Мерките за спречување и намалување на



Протести против загадувањето на воздухот во Битола.

аерозагадувањето се скапи и се наведени во десетици студии и документи. Тие не се спроведуваат иако со години им се достапни на властите. Но, доколку се земат во предвид проценките во студијата на **Светската банка** дека годишно умираат 1.300 луѓе, а трошоците од аерозагадувањето сите заедно не чинат по 253 милиони евра, тоа значи дека нерешавањето на проблемот не чини штети кои достигнуваат милијарди евра.

> Она што треба да им биде јасно на градските власти е дека користењето на калциум магнезиум ацетат, сам по себе нема да го реши проблемот. Студиите на случајот од Лондон, каде што се користеше ова средство, покажуваат дека може да очекуваме намалување на ПМ10 честичките, од 14 до 30 проценти.
>
> *Ана Чоловиќ-Лешоска, еколошка организација „Еко-свест“.*

Бидејќи податоците од петте мерни станици во Скопје покажуваат дека просечните годишни концентрации на опасните цврсти лебдечки честички ПМ10 во периодот од 2003 до 2013 година се движат од 80 до високи 180 микрограми на метар кубен (μg/m3), како што покажала станицата во Центар во 2011 година. Земјата законски има обврска просекот да не биде над дозволената граница од 40 (μg/m3). Мерните станици со години покажуваат дека надминувања има во Тетово, Кичево, Битола, Кавадарци.

„Проблемот е што ние имаме извори многу слични на вакви честички во многу градови во Македонија. Министерството за животна средина има направено една многу добра студија за потеклото на овие честички, за изворите од какви активности со колкав удел учествуваат во продукцијата. Посебно за Скопје има многу добра студија. Градот Скопје исто така има направено добра студија, дури и предвидени мерки. Проблемот е во тоа што тие мерки не се спроведуваат. Не знам од кои причини, но не се спроведуваат“, вели професорот Трајче Стафилов.

**Поголема свест за почист воздух во Тетово**

Александар Самарџиев

Жителите на Тетово живеат под најголемиот планински масив во Македонија, а чист воздух дишат само дваесетина дена во годината. Од 323 денови поминати во 2015 година, во Тетово надминување на дозволената граница на загадување имало скоро 300 денови, покажуваат **мерните станици**.

Често посочуван како најзагаден град во Европа заедно со Скопје, воздухот во Тетово е загаден од повеќе извори: Индустриското загадување на фабриката Југохром која со години доцни со реализацијата на обврските од оперативниот план за добивања на А-еколошка дозвола. Отровна прашина во воздухот разнесува депонијата со троска која содржи хром, од поранешното работење на „Силмак" – Јегуновце. Емисиите од горењето огревно дрво, сообраќајот и урбанизацијата се областите кои дополнително имаат влијание.

Потребна е поголема свест и искористување на природните потенцијали на Тетово за да се намали загадувањето, велат од еколошките здруженија. Диме Меловски од Македонското еколошко друштво го потенцира феноменот: Градот ја има Шар Планина како најмасивен планински предел и природен ресурс за квалитетна природна средина, а постојано има загаден воздух.

„Треба и луѓето да знаат дека доколку сакаат краткорочно да заштедат со тоа што ќе купат поевтини дрва од овие илегални сечи, дека не си прават добро себеси. Во голема мера илегално се сече Шара, а со тоа не си помагаме да дојде до прочистување на воздухот, бидејќи се помалку и помалку има шума. Со прогласување на делови на Шар Планина за национален парк, мислам дека до некаде ќе биде регулирана оваа работа", смета Меловски.

Свесно работење на институциите во насока на чист воздух, вели доктор Ратко Давидовски од тетовскиот Центар за јавно здравје, специјалист по хигиена и здравствена екологија. Тој вели дека

краткорочните мерки се ограничување на сообраќајот, редовно чистење на улиците и подигнување на сметот и контрола на градежништвото.

„Додека долгорочни се поставување на филтри, таму каде што ќе се нотира дека е потребно и секако воведување на централно греење. Знаеме дека главен причинител за зголемените вредности на ПМ10 честичките се фосилните цврсти горива, 70 проценти од населението во градот се грее на дрва или на ќумур на јаглен. Воведување на централно греење, воведување на гас – тоа се долгорочни мерки. “, објаснува тој.

Градоначалничката на Тетово, Теута Арифи минатата зима ветуваше мерки за посебни сообраќајни режими за намалување на штетните материи во воздухот, но состојбата не е променета. Во Тетово секојдневно воздухот е загаден над дозволените граници.

„Тешките товарни возила чија крајна дестинација не е градот Тетово, беа насочени кон обиколниот пат. Моторните возила за транспорт и снабдување со роба, транспортот да го вршат во период кога фреквенцијата на сообраќајот е помала. Општина Тетово има план за имплементирање на еднонасочните улици“, рече Арифи.

На почетокот на ноември во Тетово започна прскање на улиците со средство, но мерните станици покажуваат дневни загадувања со цврсти честички кои достигнуваат до 800 (µg/m3).

**Нови построги директиви во Европа**

Европската унија од 2013 година започна со воведување на закони со построги ограничувања за загадувањето на воздухот со нови директиви за интегрирано спречување и контрола на загадувањето од индустриски гасови, за во 2016 уште повеќе да се намалат емисиите. Ако аспирациите на Македонија се кон приклучување во ЕУ, во преговорите поглавјето екологија може да биде сериозна пречка доколку властите и натаму продолжат со игнорантскиот однос кон проблемот.

Александра Бујароска од еколошката организација „Фронт 21/42“, вели дека влегувањето во Европската унија ќе значи дека ќе треба да возиме

автомобили по Еуро 4 стандард, а голем број од возилата во Македонија се Еуро 1 или Еуро 2 стандард вели таа.

„И тоа сериозно придонесува на аерозагадувањето од сообраќајот. Во однос на малите и големите индустриски капацитети, истите ќе треба да извршат усогласување на својата технологија во согласност со директивата за индустриски емисии, која за разлика од нашиот Закон за животна средина предвидува уште построги правила и уште подобра технологија во индустријата со цел намалување или спречување на загадувачките емисии. Во однос на секторот за затоплување тука ќе треба да се направи гасификација", вели Бујароска.

**Годишно гориме 1 милион метри кубни дрва**

**Жанета Здравковска**

Гасификацијата е едно од решенијата за домаќинствата кои загадуваат греејќи се на дрва во зимскиот период. Во Македонија годишно се горат по еден милион метри кубни дрва за греење, од кои 366 илјади во Скопје. Експертите велат дека бројката е многу голема за земја од два милиони жители. Во Битола 26.000 домаќинства се грејат на дрва, а граѓаните бараат надлежните да го исполнат ветувањето и што поскоро да го спроведат проектот за топлификација, за да запре испуштањето на 28 тони суспендирани честички од оџаците.

Од ЕЛЕМ информираат дека проектот „Топлификација" им останува врвен инвестициски приоритет. Зафатот чини околу 46 милиони евра, средства обезбедени преку кредит од германската КФВ банка.

„Веќе е изведена реконструкција на турбините од двата блока за одземање на пареата. Веднаш по потпишувањето на договорот со банката до крајот на годинава, ќе се избере консултант и изведувач за градба на мрежата. Паралелно со овие активности, тече и постапката за решавање на имотно правните односи по трасата на целата топлификациска мрежа. Според предвидената динамика, се очекува до грејната сезона 2018 – 2019 година да се добијат првите корисници на топлинска енергија во Битола", велат од ЕЛЕМ.

Оттаму додаваат дека со овој проект ќе се намалат емисиите од согорување на дрво, масло за домаќинства и јаглен во малите домашни печки како и во печките на јавните и комерцијалните објекти, што ќе значи намалување на емисиите на сулфурни, азотни и јаглеродни оксиди.

Во меѓувреме од еколошкото здружение „За нас се работи" со акција за пошумување ќе се обидат да го обноват едното белодробно крило на Битола.

**Скопје**

Во Скопје деновиве концентрациите се многу високи. Градските Власти дел од улиците ги прскаат со калциум магнезиум ацетат, мерка која ја промовираше градоначалникот Коце Трајановски.

Искуствата покажуваат дека тоа може тоа може да влијае на мал процент на намалување на загадувањето од сообраќајот, индустријата, урбанизацијата, домаќинствата, депониите.

Од еколошките здруженија посоччуваат дека градските власти мора да спроведат ригорозна инспекција на малите индустриски капацитети кои оперираат со Б-интегрирани еколошки дозволи издадени од општините, да спроведат мерки околу градежните активности во Скопје и да го регулираат и елиминира сообраќајот во централното градско подрачје.

„Она што треба да им биде јасно на градските власти е дека користењето на калциум магнезиум ацетат, сам по себе нема да го реши проблемот. Студиите на случајот од Лондон, каде што се користеше ова средство, покажуваат дека може да очекуваме намалување на ПМ10 честичките, од 14 до 30 проценти", вели Ана Чоловиќ-Лешоска од еколошката организација „Еко-свест".

Во изминативе неколку години од државниот и од буџетот на Град Скопје вкупно беа потрошени околу 630 милиони евра за објектите од проектот **„Скопје 2014"**, но властите не ја реализираа изградбата на трамвајот, проект вреден 243 милиони евра, кој би ја намалил употребата на автомобили.

Градот пред неколку години ангажираше странска фирма за изработка на Студија за сообраќајниот систем, каде е наведено првото сценарио за реализација на лесната железница како нов модерен транспортен систем предвиден за 2015 година, а второто во 2030 година.

Градот не успеја да ги реализира ниту мерките за затворање на сообраќајот на ул. „Димитрие Чуповски", во најстрогиот центар на градот и во пошироката зона околу Старата скопска чаршија, предвидени во истата Студија.

Одржливите транспортни модели подразбираат спроведување мерки и стратегии кои поттикнуваат пократки патувања, употребуваат помалку енергија и помалку се штетни за животната средина. Градовите кои се движат во оваа насока го ограничуваат присуството на автомобили, со што се ослободува значителен простор за долги пешачки патеки и безбедно движење со стеснување на улиците и многу препреки за автомобилите.

Дека проблемот е сериозен покажуваат и податоците на Институт за јавно здравје според кои најчестите болести во земјава се поврзуваат со аерозагадувањето. Околу 40 проценти од луѓето во амбулантите се лекуваат од заболувања на респираторниот и циркулаторниот систем, а дополнително загрижувачки е фактот дека 55 проценти од децата до шестгодишна возраст страдаат од болести на белите дробови и дишните патишта.

## 24 Вести - *[Протест во општина Аеродром против загадувањето]*



ВО ЖИВО | ВЕСТИ | ЕМИСИИ

МАКЕДОНИЈА | СЛОБОДА НА МЕДИУМИ | ЕКОНОМИЈА | РЕГИОН | СВЕТ | ШОУБИЗ | ЗАНИМЛ

# Протест во општина Аеродром против загадувањето

22.11.2015 | 19:36 Македонија Прочитано: 1150

Жители на општина Аеродром сакаат јавно да го изразат револтот поради големото загадување на воздухот во нивната општина. Бараат општинските власти да превземат соодветни мерки за заштита на здравјето на граѓаните.

Во меѓувреме граѓанската иницијатива Стоп за смрдеата во Аеродром и Ново Лисиче се обидува да ја алармира и централната власт бидејќи според изјавите на координаторот на оваа група состојбата е загрижувачка во повеќе градови низ Македонија.

## Репортер - *[Протест пред општина Аеродром поради загадувањето]*

Педесетина граѓани денеска се собраа пред седиштето на општина Аеродром да протестираат против големото загадување и да побараат општината да преземе соодветни мерки за да се заштити здравјето на граѓаните.

## Радио МОФ - *[[Фото] Нов протестен собир против загадениот воздух во Аеродром]*

Дождот не спречи педесетина граѓани и оваа недела да се соберат пред Општина Аеродром, со барање да се преземат мерки против загадувањето на воздухот. Со чадори во рацете и маски на лицата, тие трета недела по ред се собираат во 11 часот

## Portalb - Shkup, protestë kundër ndotjes së ajrit

PORTALB
dritare realiteti

FILLIMI MAQEDONI EKONOMI BOTA PRESIDENTI 45 SPORT QENDRIME TECH & AUTO PËR QEJF KËNDI S

Fillimi / Maqedoni / Lajme

# Shkup, protestë kundër ndotjes së ajrit

Xh. S. lexuar 105 0 Shkup 15:12 më 22/11/2015



Lajme lidhur me temën



Ndotja e ajrit: Arifi nuk ju përgjigj kërkesës e lëvizjes 'Nëna dhe fëmija



Izairi: Komunat kanë marrë udhëzimet si të ballafaqohen me ndotjen e ajrit



Maqedonia shteti më i ndotur në Evropë



Komuna e Tetovës: Zero tolerancë për ndotësit e ambientit jetësor

Banorët e komunës Aerodrom duan që publikisht të tregojnë revoltën e tyre për shkak të ndotjes së lartë të ajrit në komunën e tyre.

Ata kërkojnë nga autoritetet komunale që të marin masa urgjente për mbrojtjen e shëndetit të qytetarëve.

Në ndërkohë iniciativa qytetare Stop për ndotjen në Aerodrom dhe Novo Lisice mundohet që të alarmojë dhe organet qeveritare sepse sipas të dhënave statistikore kjo ndotje është e përhapur në shumë qytete të Maqedonisë.

## Утрински - Депонијата - најголем загадувач на Тетово

Утрински
весник

### ДЕПОНИЈАТА - НАЈГОЛЕМ ЗАГАДУВАЧ НА ТЕТОВО



**Ветрот и дождот привремено го намалија загадувањето на градот под Шара**

Тетово - Дивата депонија е еден од најголемите загадувачи на воздухот во Тетово. Тоа најдобро се илустрира од состојбите во последниве два дена за време на викендот. Мерењата што ги објавува Министерството за животна средина и просторно планирање покажуваат толерантни вредности во загаденоста. Еден од фактите е што токму во тие два дена сметот не е потпалуван.

Врз намалените вредности на загаденоста на воздухот секако влијаеја и временските состојби: во саботата релативно силен ветер, спроти неделата дожд, а врнежите продолжија и во текот на денот. Како и да е, тетовци конечно може да се пофалат дека дишеле почист воздух од оние вредности искажани само пред два дена, кои изнесуваат и повеќе од 10 пати од дозволените.

Од објавените показатели во саботата, во Тетово нивото на честичките ПМ-10 со повисоки вредности било регистрирано по 13 часот. Тогаш се забележани 80, еден час подоцна 73, во 18 часот 95, а највисоки или двојно поголеми од дозволените – 102 биле во 19 часот. Ова сигурно е последица од затоплувањата на домовите со дрва или ќумур кои ја зголемуваат загаденоста. Според индикаторите, се' до вчера во 8 часот искажаните вредности на загаденост биле во границите на дозволеното. Но, тогаш „скокнале" на 107.

Освен дождот, врз ваквите прилики влијаат и прскањата на улиците со заштитното средство калциум-магнезиумов ацетат, кои се вршеа континуирано цела седмица.

Сепак, стручњаците и упатените предупредуваат на опасностите од постојано отровниот воздух. Аријанит Џафери од „Еко-герила" наведува дека во последните три години заболувањата од рак на бели дробови бележат зголемување од 80 отсто во однос на претходните години. Д-р Ратко Давидовски, специјалист по хигиена и здравствена екологија, смета дека е неминовно инспекциите и сите други вклучени во оваа активност да ги засилат контролите и кај најмалите загадувачи. Давидовски вели дека се' почесто се бележи палење прегорено моторно масло за загревање, палење стари гуми и други неконтролирани, а алармни загадувачи.

Тој наведува дека најголема опасност и натаму е дивата депонија. „Отпадот се пали речиси секоја вечер. Се добива впечаток како тоа да се прави заради минимализирање на количините смет. Токму тоа што се шири од депонијата, особено по палењето, носи канцерогени материи – диоксини и фурани. Оваа состојба мора да се спречи, а тоа се постигнува само со дислокација на депонијата", вели д-р Ратко Давидовски. (Г.Е.)

## Пулс24 - *Пакомак доби нова пет годишна дозвола за работа*

Puls 24

# Пакомак доби нова пет годишна дозвола за работа

‹ ПРЕТХОДНА ВЕСТ СЛЕДНА ВЕСТ ›

**Пакомак е прв и најголем колективен постапувач со отпад од пакување во Македонија, единствена компанија со остварени национални цели четири години по ред.**

ПАКОМАК
ДРУШТВО ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПАКУВАЊЕ И ОТПАД ОД ПАКУВАЊЕ

Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП) позитивно ја оцени апликацијата на Пакомак за продолжување на дозволата за работа за постапување со отпад од пакување доставен од страна на компанијата Пакомак и на 12 ноември 2015 година и официјално ја продолжи дозволата на ПАКОМАК за следните пет години. Ова е резултат на севкупните активности кои беа реализирани изминативе години пред се на инвестициите во инфраструктура (контејнери и канти за собирање на отпад од пакување) како и на бројните едукативни кампањи за подигнување на јавната свест на населението. Во моментов Пакомак има склучено договори со компаниите кои што создаваат 42% од вкупниот отпад од пакување во Македонија, има договори со 16 општини од Република Македонија за организирано одделно собирање на отпадот

од пакување, и е единствена компанија од Македонија приклучена на интернационалната мрежа за управување со отпад од пакување ProEurope и ја има лиценцата за употреба на симболот "Green Dot". Пакомак оваа година доби и национална награда за општествено одговорни практики од Министерството за економија на РМ.

Во досегашново петгодишно работење преку системот на Пакомак се собраа и преработија над вкупно 49.000 тони амбалажен отпад, кој што се состои од: хартија, пластика, стакло (кое досега никој не го собираше, ниту локалните компании имаат капацитет за рециклирање), како и композит, метал и дрво. Националните цели за собран и рециклиран отпад од пакување во следниве 5 години се зголемуваат од година во година, така што за следниве 5 години очекуваме оваа бројка да биде најмалку двојно зголемена. Пакомак е прв и најголем колективен постапувач со отпад од пакување во Македонија, единствена компанија со остварени национални цели четири години по ред.

„Пакомак уште со самиот почеток на своето работење го прифати предизвикот за зачувување на природните богатства на одржлив начин како и обврската да се грижи и да ја сочува природата и околината за следните генерации. Исполнувањето на националните цели и продолжување на дозволата за работа претставува голема сигурност за сите наши клиенти, и потврда дека сме на добар пат. И натаму ќе продолжиме со инвестиции во комунална инфраструктура во градовите низ републиката, во интензивирање на соработката со локалните самоуправи, и на различни локации за почеток да има барем по еден контејнер за амбалажен отпад, пред се ПЕТ, хартија, лименки и стакло, а ќе продолжиме и со едукативи кампањи во кои ќе вклучиме различни возрасни категории. Како и многупати досега, уште еднаш сакам да ја истакнам улогата на граѓаните, кои треба да дадат свој личен придонес, односно во одделна кеса да ги селектираат пластичните шишиња, лименки, стакло и хартија и да ги фрлаат во посебен контејнер, се разбира во оние место каде нив ги има. Бидејќи на тој начин сите ние заеднички придонесуваме да имаме почиста земја, правејќи заштеда на природните ресурси, енергија и почва"- изјави Филип Ивановски директор на Пакомак.

Најголемите македонски компании кои се здружени во системот за управување со амбалажен отпад на ПАКОМАК создаваат 42.008 тони амбалажа. За истакнување е донацијата на камиони за собирање отпад во Тетово и Скопје, донација на 80 сета од по три пластични контејнери, во форма на ѕвоно на ЈП „Комунална хигиена" како и голем број на други амбалажни контејнери во голем број други општини, со кои значајно се подобри комуналната инфраструктура. Успешно се реализира и проектот „Рециклирање?! - КАЖИ ДА!" кој веќе трета година по ред ги опфаќа основните училишта во Скопје во кој над 31.344 ученици од 60 основни училишта во општините Гази Баба, Карпош, Центар, Аеродром, Ѓорче Петров и Кисела Вода цела учебна година организирано собираа пластични шишиња, учеа за важноста од селектирање и рециклирање на амбалажниот отпад, времето на распаѓање на материјалите во природата и секоја година добиваат донации за својата посветеност.

**Фактор - *Зелен катастер, Ботаничка бавча: Како ќе ја чуваат градските власти животната средина?***

коментарите се слободни, фактите се свети

# Зелен катастер, Ботаничка бавча: Како ќе ја чуваат градските власти животната средина?

ноември 21, 2015

Tweet Like 4 Share 4 G+1 0 in Share

Околу 610 илјади евра Градот Скопје планира да одвои следната година за реализација на активностите од Програмата за заштита на животната средина и природата на подрачјето во Скопје. Според образложнието во Предлог програмата најмногу пари или околу 208 илјади евра се предвидени за заштита и унапредување на заштитени објекти. Останатите активности се во делот на заштита на воздухот, водата и почвата, и активности во областите на животната средина, отпадот, бучавата, нејонизирачкото зрачење, природата, биодиверзитетот, климата.

– Главна цел на Програмата на активности од областа на заштитата на животната средина и природата на подрачјето на Град Скопје е постигнување на повисок степен на разрешување на состојбите во сферата на животната средина и заштита и зачувување на квалитетот на сите медиуми на животната средина, во рамките на законските надлежности, а со тоа и заштита на здравјето и подобрување на квалитетот на животот на граѓаните. Еколошките ризици се една од најважните одредници на здравјето и благосостојбата на луѓето. Во актуелниот развоен момент на глобално ниво, постојат сериозни проблеми во управувањето со состојбите и можните ризици во животната средина. Повеќе медиуми и области на животната средина, како и комплементарните процеси, имаат нарушен квалитет, како во развиените, така и во земјите во развој, стои во образлошението во Предлог Програмата.

Еве какви активности планира да превземе и колку пари за планира да одвои Градот следната година:

Во евра

| | *Област / дејност* | *Потребни средства* |
|---|---|---|
| 1. | Заштита на амбиентен воздух | 108.130 |
| 2. | Заштита од бучава | - |
| 3. | Заштита на водите | 81.300 |
| 4. | Заштита на почвите | 8.130 |
| 5. | Отпад | 32.520 |
| 6. | Климатски промени | 34.146 |
| 7. | Зеленило | 53.658 |
| 8. | Заштитени локалитети | 208.130 |
| 9. | Спроведување одредени законски процедури | 4.878 |
| 10. | Проекти од областа на животната средина | 69.105 |
| 11. | Подигање на јавната свест | 10.569 |
| | Вкупно | 610.569 |

Квалитетот на воздух е долгогодишен проблем на Скопје. На хартија има краткорочни, среднорочни и долгорочни мерки, но како се релазираат и колку го даваат очекуваниот ефект?За заштита на амбиентиот воздух, Градот следната година планира да одвои околу 108 илјади евра, од кои 40.000 евра за набавка на препаратот калциум магнезиум ацетат за прскање на улиците за намалување на штетното влијание на ПМ 10 честичките. Во Предлог програмата се посочува дека змбиентиот воздух има нарушен квалитет, а во зимскиот период од годината ја надминува дозволената граница за повеќе пати, што сериозно го загрозува здравјето на населението. Предвидено е да се изработи План за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на агломерација Скопски регион, а целат на планот треба да биде подобрување на квалитетот на воздухот во регионот на Град Скопје, со тоа и на здравјето на луѓето, согласно регулативата за квалитет на амбиентниот воздух.Планот опфаќа Оперативна програма за намалување на PM10, Елаборат за нивото на бучавата и нејонизирачкото зрачење и состојбата на амбиентниот воздух. Исто така ќе треба да се изработи елаборат за испитување на загадувањето на амбиентниот воздух од согорувачките процеси во сообраќајот со цел

да се езбедат податоци за загадувањето на воздухот од еден од причинителите – сообраќајот и мерки како да се реши загадувањето во сообраќајот. Предвидено е да се изработи Краткорочен акционен план за заштита на амбиентниот воздух, за преземање на краткорочни, интервентни мерки за намалување на загадувањето на воздухот и заштита на здравјето на луѓето, и изготвување на Информација за квалитетот на амбиентниот воздух на подрачјето на Скопје за 2015 година.

Во делот на заштитата од бучва, со програмата се планира Изработка на Стратешка карта за бучава и Акционен план за намалување на бучавата во животната средина за град Скопје, за да се превземат соодветни мерки.

**Откако се исекоа голем број дрвја, ќе се прави зелен катастер**

Иако изминатава година на големо се сечеа дрвјата во Скопје, со образложение од Градот дека се работи за стари дрвја. Екологистите бурно реагираа, укажувајќи дека дрвјата се важни за животната средина особено за воздухот и дека на новите засадени дрвја им требаа многу години за да развија големи крошни. Сега, откако голем број дрвја се исекоа, дел од зелените површини се претворија во градежни парцели, во програмата градските власти за следната година планираат да изработат Зелен катастар на град Скопје, а целта како што се посочува во образложението, е да се постигне повисок степен на заштита и унапредување на јавните зелени површини на град Скопје со помош на обезбедување просторни податоци за обемот и видот на зеленилото.

-Со Зелениот катастар ќе се утврди површината, сопственоста и квалитетот на зеленилото, во функција на урбанистичкото планирање, а со крајна цел да се спречи натамошната пренамена на зеленилото во градежни цели, се посочува во образлжението на Градот.

Во овој дел е планирана изработка на Студија за зелен коридор од изворот на река Серава до вливот во река Вардар, а целата е да се добиве стручна основа за формирање зелен коридор по течението на река Серава, и како што образложуваат од Градот со создавање на зелени коридори од периферните делови на градот ќе го насочувале свежиот воздух кон централните делот од градот. Тука е и долгонајавуваната изградба на Ботаничка градина во склоп на Зоолшката градина.

-Ботаничката градина треба да овозможи заштита на посебните видови садници, има едукативна улога затоа што ја збогатува можноста за практична едукација на младите, ќе ја збогати содржината на Зоолошката градина и ќе ја зголеми туристичката понуда и реализација, се посочува во Предлог програмата.

За изградба на Ботаничката бавча ќе се потрошат околу 34 илјади евра, а фирмата коха ќе ја гради е веќе одбрана.

Најмногу пари околу 208 илјади евра се предвидени за активностите за Заштита и унапредување на заштитени локалитетите. Тука спаѓа заштитата на Парк шумата Водно, за што од градот информираат дека е донесен Посебен план за заштита и унапредување на парк-шумата Водно за периодот 2007-2016 година, кој предвидува заштитни и уредувачки активности што не се дел од редовното одржување и претставуваат соодветна финансиска обврска. Освен Водно како други локалитетите за кои се предвидени посебни планови за заштите се посочени локалитетот Гази Баба, Кањон Матка, Скопска Црна Гора.

Јавното претпријатие Водовод и канализација ќе биде задолжено за вршење на континуиран оперативен мониторинг на водите што ги хранат изворите за водоснабдување на градот Скопје, со цел да се утврди квалитетот и квантитетот на подземните води.Предвидено е изработка на регистер на бунари за стопански цели.

Во активностите за заштита на почвата, преку системот за јавни набавки се планира да избере компанија која ќе врշу утврдување на дистрибуцијата и концентрацијата на тешки метали во разни делови на растителите форми наменети за исхрана и производство на прехранбени продукти во Скопскиот регион, и на тој начин се очекува да се добијат податоци за квалитетот на прехранбените продукти на зелените пазар.

Останатите активности се оденсуваат на спроведување на законски процедури, климатски промени, подигање на јавната свест за значењето на животната средина и проекти од областа на животната средина.

**J.C**

## OhridNews - *Петрино и Галичица се даваат во отпад!*

OHRIDNEWS.com информирај се

### Петрино и Галичица се даваат во отпад!

Вести | Охрид | 23.11.2015 07:00 Посети : 333

Дека еколошката свест ни е ниско ниво одамна не е вест, а дека е така потврдуваат овие фотографии направени деновиве на планините Петрино и Галичица.





Купишта најразличен цврст отпад, градежен материјал и шут, како и покуќнина расфрлани се на повеќе локации во непосредна близина на локалните патишта.

